# Народна банка на Република Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И. бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на четвртиот квартал од 2014 година

март, 2015 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на четвртиот квартал од 2014 година изнесува 5.954 милиони евра и во однос на состојбата на крајот на претходниот квартал е намален за 384 милиони евра. Најголемиот дел од кварталното намалување на долгот произлегува од намалувањето на обврските на монетарната власт (централната банка), врз основа на репо-трансакции на Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1], за 305 милиони евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е намален за 79 милиони евра. Истовремено, и **бруто надворешните побарувања** бележат квартално намалување за 435 милиони евра, во најголем дел поврзано со намалувањето на побарувањата врз основа на обратни репо-трансакции. Доколку се исклучи нивното влијание, бруто-побарувањата се намалени за 128 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** во четвртиот квартал од 2014 година е зголемен за 51 милион евра и изнесува 1.813 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2013 година**, бруто надворешниот долг е повисок за 735 милиони евра, од кои 91,8% се однесуваат на зголемениот јавен долг за 675 милиони евра. Притоа, најголемо зголемување имаме кај долгот на државата  (за 517 милиони евра), пред сè поради задолжувањето со новата евро-обврзница издадена во јули 2014 година, во номинален износ од 500 милиони евра, додека јавните претпријатија се задолжиле со дополнителни 140 милиони евра. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 437 милиони евра, во најголем дел поради зголемените јавни побарувања за 424 милиони евра (главно врз основа на пласманите во должнички хартии од вредност за 316 милиони евра и врз основа на депозитите за 101 милион евра). Во вакви услови, годишната кумулативна промена кај нето надворешниот долг покажува зголемување за 298 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во четвртиот квартал од 2014 година е намалена за само 2 милиона евра во однос на претходниот квартал, што произлегува од речиси идентичната промена на должничките и сопственичките инструменти, но во спротивна насока (раст на нето-обврските по должнички инструменти за 51 милион евра и пад на нето-обврските по сопственички инструменти за 53 милиони евра). Во однос на крајот на 2013 година, негативната нето МИП е зголемена за 223 милиони евра, што во целост произлегува од зголемениот нето надворешен долг (за 298 милиони евра), при пад на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 74 милиони евра). Со тоа, на крајот на четвртиот квартал на 2014 година, негативната нето МИП достигна 4.782 милиони евра, или 56% од БДП. И натаму, најголем дел (86,6%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои сопственичкиот капитал учествува со 78,2%.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи се склучуваат истовремено, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2013 | | 30.09.2014 | | 31.12.2014 | | промена во однос на крај на претходна година | | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **5,219.7** | **64.3** | **6,338.2** | **74.3** | **5,954.4** | **69.8** | **734.7** | **14.1** | **5.4** | **-383.8** | **-6.1** | **-4.5** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***5,219.7*** | ***64.3*** | ***6,033.3*** | ***70.7*** | ***5,954.4*** | ***69.8*** | **734.7** | **14.1** | **5.4** | **-78.9** | **-1.3** | **-0.9** |
| Долгорочен долг | 4,002.8 | 49.3 | 4,638.9 | 54.4 | 4,660.3 | 54.6 | 657.4 | 16.4 | 5.3 | 21.3 | 0.5 | 0.3 |
| Краткорочен долг | 1,216.9 | 15.0 | 1,699.2 | 19.9 | 1,294.1 | 15.2 | 77.2 | 6.3 | 0.2 | -405.1 | -23.8 | -4.7 |
| Јавен долг | 2,172.4 | 26.8 | 3,141.6 | 36.8 | 2,847.1 | 33.4 | 674.7 | 31.1 | 6.6 | -294.6 | -9.4 | -3.5 |
| Приватен долг | 3,047.4 | 37.6 | 3,196.5 | 37.5 | 3,107.3 | 36.4 | 59.9 | 2.0 | -1.2 | -89.2 | -2.8 | -1.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **3,704.5** | **45.7** | **4,576.1** | **53.6** | **4,141.6** | **48.5** | **437.1** | **11.8** | **2.9** | **-434.6** | **-9.5** | **-5.1** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***3,704.5*** | ***45.7*** | ***4,270.0*** | ***50.0*** | ***4,141.6*** | ***48.5*** | **437.1** | **11.8** | **2.9** | **-128.4** | **-3.0** | **-1.5** |
| **Нето надворешен долг** | **1,515.2** | **18.68** | **1,762.0** | **20.6** | **1,812.8** | **21.2** | **297.6** | **19.6** | **2.6** | **50.8** | **2.9** | **0.6** |
| **МИП, нето** | **-4,558.4** | **-56.2** | **-4,783.9** | **-56.1** | **-4,781.6** | **-56.0** | **-223.2** | **4.9** | **0.2** | **2.4** | **0.0** | **0.0** |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка. Податокот за 2014 година е процена (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 13.3.2015).

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешниот долг на 31.12.2014 година достигна ниво од 5.954 милиони евра, или 69,8% од проценетиот БДП. По растот на надворешниот долг во првите три квартали од 2014 година, во четвртиот квартал долгот е намален за 384 милиони евра (или 6,1%). Во споредба со крајот на 2013 година, бруто надворешниот долг забележа пораст од 735 милиони евра (или 14,1%).

Соодносот на долгот со БДП во вакви услови е зголемен за 5,4 п.п. на годишна основа.




Извор: НБРМ.

Трендот на раст на учеството на јавниот во вкупниот бруто надворешен долг беше прекинат во четвртиот квартал, кога учеството на јавниот надворешен долг се намали за 1,8 п.п.. Сепак, споредено со крајот на 2013 година, учеството на јавниот долг е зголемено за 6,2 п.п., што се должи на годишниот раст на јавниот долг за 31,1%, при пораст на приватниот долг од само 2%.




Извор: НБРМ.

Кај рочната структура на бруто надворешниот долг е регистрирано намалување на учеството на краткорочниот долг на квартална и на годишна основа (за 5,1 п.п. и 1,6 п.п., соодветно). Ова укажува на подобрување на рочната структура на бруто-долгот, во кој и натаму има доминантно учество долгорочниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура, најголем дел од бруто надворешниот долг претставува долг на секторот „држава“ (35,7% од вкупниот надворешен долг). Следуваат долгот на останатите сектори (главно „нефинансиски трговски друштва“) и долгот кон поврзаните субјекти (31,4% и 21,3% од вкупниот надворешен долг, соодветно).




Извор: НБРМ.

Најголем дел, или 66,8%, од бруто надворешната задолженост на земјата произлегува од заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити, со учество од 17,8%. Задолженоста врз основа на должнички хартии од вредност, со последната емисија на евро-обврзници, достигна учество од 11,3%.




Извор: НБРМ.

Анализата на валутната структура на заемите, како доминантен инструмент, покажува дека најголем дел од обврските на крајот на четвртиот квартал на 2014 година се во евра (84,2%).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на вкупниот бруто надворешен долг во четвртиот квартал на 2014 година, во најголем дел произлегува од намалениот јавен долг за 295 милиони евра, при намалување на приватниот долг од 89 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Намалувањето на јавниот надворешен долг во целост е резултат на намалувањето на долгот на централната банка за 303 милиони евра (главно врз основа на репо-трансакции) и намалувањето на долгот кај државата за 22 милиона евра (најмногу од отплата на заеми). Кај јавните претпријатија и јавните банки е забележан пораст на долгот за 30 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Главен причинител за намалувањето на приватниот надворешен долг во четвртиот квартал од 2014 година (89 милиони евра) е намалувањето на долгот на небанкарскиот приватен сектор (69 милиони евра) и меѓукомпанискиот долг (41 милион евра), додека кај приватните банки е забележано зголемување на долгот за 21 милион евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, 79% од кварталниот пад на бруто-долгот произлегува од намалувањето на долгот на централната банка, во износ од 303 милиони евра. Пораст е забележан единствено кај долгот на депозитните институции (за 32 милиона евра).




Извор: НБРМ.

Најголем дел од растот на бруто долгот во текот на 2014 година произлегува од растот на јавниот надворешен долг во износ од 675 милиони евра (придонес од 91,8%), додека приватниот долг е зголемен за 60 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Споредбата на годишна основа укажува на зголемување на бруто-долгот кај сите сектори, но најмногу кај секторот „држава" (517 милиони евра), „останатите сектори" (112 милиони евра) и меѓукомпанискиот долг (96 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања во четвртиот квартал од 2014 година се намалени за 435 милиони евра (или 9,5%) и на 31.12.2014 година изнесуваат 4.142 милиона евра, односно 48,5% од проценетиот БДП. Во однос на крајот од 2013 година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 437 милиони евра (или 11,8%).




Извор: НБРМ

Во четвртиот квартал на 2014 година е регистрирано квартално поместување во структурата на побарувањата во корист на приватните бруто надворешни побарувања (за 1,6 п.п.). Во однос на крајот на 2013 година, нивното учество е намалено за 5 п.п..




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, во четвртиот квартал од 2014 година долгорочните побарувања бележат раст на учеството за 2,7 п.п. во однос на претходниот квартал. Во однос на крајот на 2013 година, нивното учество е намалено за 2,5 п.п., но сепак тие доминираат во структурата на вкупните побарувања, со учество од 54%.




Извор: НБРМ.

Носител на најголемиот дел од бруто надворешните побарувања е централната банка (53,6% од вкупните побарувања). Потоа, следуваат побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва), кои сочинуваат 20,9% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Во рамки на бруто надворешните побарувања, најзастапени инструменти се должничките хартии од вредност (46,9%), трговските кредити и аванси (24,3%), валутите и депозитите (21,6%) и заемите (6,9%).




Извор: НБРМ

Најголем дел од намалувањето на бруто надворешните побарувања во четвртиот квартал на 2014 година се должи на намалените јавни побарувања за 310 милиони евра (речиси во целост како резултат на намалените побарувањата на централната банка врз основа на репо-трансакции).




Извор: НБРМ.

Приватните надворешни побарувања во четвртиот квартал на 2014 година забележаа намалување за 125 милиони евра, под влијание на намалените меѓукомпаниски побарувања (за 145 милиони евра) и побарувањата на небанкарскиот приватен сектор (за 35 милиони евра), а во услови на зголемени побарувања на приватните банки (за 55 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталниот пад на бруто-побарувањата произлегува од намалените побарувања на централната банка (за 312 милиони евра), меѓукомпаниските побарувања (за 145 милиони евра) и останатите сектори (за 35 милиони евра), делумно нетирани со зголемените побарувања на депозитните институции (55 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Растот на бруто надворешните побарувања во 2014 година главно се должи на зголемените јавни побарувања за 424 милиони евра, додека приватните побарувања бележат минимален раст за 13 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, најголем придонес за годишниот кумулативен раст на вкупните надворешни побарувања имаат централната банка (со 418 милиони евра), останатите сектори (со 106 милиони евра) и депозитните институции (со 84 милиони евра). Наспроти ова, меѓукомпаниските побарувања, за истиот период, се намалени за 177 милиони евра.




Извор:НБРМ.

Како резултат на поголемиот квартален пад на бруто надворешните побарувања (за 435 милиони евра) од кварталниот пад забележан кај бруто надворешниот долг (за 384 милион евра), нето надворешниот долг во четвртиот квартал од 2014 година се зголеми за 51 милион евра (2,9%), со што достигна ниво од 1.813 милиони евра (21,2% од проценетиот БДП).

На годишна основа, нето надворешниот долг е зголемен за 298 милиони евра (19,6%) или 2,6 п.п. во однос на БДП.




Извор:НБРМ.

Годишниот раст на нето-долгот главно се објаснува со зголемениот јавен нето-долг (за 251 милион евра), што доведе до зголемување на неговото учество во вкупниот нето-долг за 10,3 п.п.. Со тоа, учеството на нето приватниот долг се сведе на (68,2%) од вкупниот нето долг.




Извор:НБРМ.

Од аспект на состојбите, освен централната банка и депозитните институции се нето-кредитори кон странство, додека другите сектори се нето-должници. Најголем нето-должник е државата, чијшто нето надворешен долг изнесува 2.076 милиони евра, потоа следуваат останатите сектори со 1.003 милиони евра и меѓукомпанискиот нето-долг со 904 милиони евра.




Извор: НБРМ.

На крајот на 2014 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (нето МИП) изнесува 4.782 милиона евра, или 56% од БДП. Во текот на четвртиот квартал, нето МИП бележи минимален пад од 2 милиона евра, наспроти годишниот раст од 223 милиони евра (4,9%). Притоа, во соодносот со БДП нема позначајни поместувања.




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, најголем удел (86,6%) во негативната нето МИП имаат нето-обврските врз основа на директни инвестиции, од кои 78,2% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Минималниот квартален пад на негативната нето МИП е резултат на речиси идентичното намалување на средствата и обврските (за 410 и 413 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Од гледна точка на инструментите, должничките и сопственичките инструменти имаат речиси идентичен обем на промена, меѓутоа во спротивна насока. Притоа, нето-обврските врз основа на должнички инструменти се зголемени за 51 милион евра, додека нето-обврските врз основа на сопственичките инструменти се намалени за 53 милиони евра.



Извор: НБРМ.

Во структурата на сопственичките инструменти во четрвтиот квартал е регистрирано намалување на нето-обврските кај сопственичкиот капитал, во рамки на директните и портфолио-инвестиции (за 30 и 16 милиони евра, соодветно), проследено со минимално зголемување на средствата во монетарно злато (за 8 милиони евра, главно поради ценовните и курсните промени).



Извор: НБРМ.

На годишна основа, негативната нето МИП е зголемена за 223 милиони евра, при што најголем придонес имаат промените кај должничките инструменти (зголемување на нето надворешниот долг за 298 милиони евра), наспроти намалените нето-обврски врз основа на сопственички инструменти (за 74 милиони евра, од кои: пад на нето-обврските кај сопственичкиот капитал за 49 милиони евра, како и зголемување на монетарното злато за 25 милиони евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | 157.7 | -10.7 | -6.4 | -5.6 | -3.5 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 674.4 | 522.0 | 342.5 | -6.4 | -0.9 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 4,134.0 | 4,255.4 | 4,326.1 | 3,980.1 | 188.9 | 5.0 | -346.0 | -8.0 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,090.1 | 1,075.3 | 1,085.1 | 1,057.8 | 29.5 | 2.9 | -27.3 | -2.5 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 78.2 | 5.0 | 6.8 | 1.6 | 2.1 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,219.75** | **5,628.29** | **5,745.36** | **6,338.15** | **5,954.40** | **734.7** | **14.1** | **-383.8** | **-6.1** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,604.69 | 2,147.24 | 2,125.64 | 516.7 | 32.1 | -21.6 | -1.0 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 381.50 | 78.19 | 5.0 | 6.8 | -303.3 | -79.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.07 | 468.22 | 578.78 | 564.75 | 618.82 | 609.34 | 606.05 | 607.86 | 582.77 | 614.45 | 5.1 | 0.8 | 31.7 | 5.4 |
| Останати сектори | 1,321.91 | 1,346.99 | 1,464.82 | 1,702.60 | 1,730.87 | 1,758.92 | 1,783.31 | 1,895.15 | 1,920.42 | 1,870.65 | 111.7 | 6.4 | -49.8 | -2.6 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 682.70 | 837.56 | 872.30 | 804.20 | 997.94 | 1,169.39 | 1,235.04 | 1,259.06 | 1,306.22 | 1,265.47 | 96.1 | 8.2 | -40.7 | -3.1 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.16** | **3,780.36** | **4,105.71** | **4,846.61** | **5,171.67** | **5,219.75** | **5,628.29** | **5,745.36** | **6,338.15** | **5,954.40** | **734.7** | **14.1** | **-383.8** | **-6.1** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.79** | **55.87** | **57.76** | **64.24** | **68.18** | **64.35** | **65.96** | **67.33** | **74.28** | **69.78** | | 5.4 | | -4.5 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***4,614.08*** | ***5,014.10*** | ***5,219.75*** | ***5,324.01*** | ***5,441.24*** | ***6,033.26*** | ***5,954.40*** | **734.7** | **14.1** | **-78.9** | **-1.3** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***61.16*** | ***66.11*** | ***64.35*** | ***62.39*** | ***63.77*** | ***70.70*** | ***69.78*** | | 5.4 | | -0.9 |
| Долгорочен долг | 2,141.58 | 2,538.11 | 2,958.84 | 3,450.58 | 3,677.54 | 4,002.85 | 3,947.77 | 4,037.36 | 4,638.94 | 4,660.28 | 657.4 | 16.4 | 21.3 | 0.5 |
| Краткорочен долг | 1,162.58 | 1,242.25 | 1,146.87 | 1,396.03 | 1,494.13 | 1,216.90 | 1,680.53 | 1,708.00 | 1,699.21 | 1,294.12 | 77.2 | 6.3 | -405.1 | -23.8 |
| Долгорочен долг% | 64.81 | 67.14 | 72.07 | 71.20 | 71.11 | 76.69 | 70.14 | 70.27 | 73.19 | 78.27 | | 1.6 | | 5.1 |
| Краткорочен долг% | 35.19 | 32.86 | 27.93 | 28.80 | 28.89 | 23.31 | 29.86 | 29.73 | 26.81 | 21.73 | | -1.6 | | -5.1 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.62 | 37.51 | 41.62 | 45.74 | 48.48 | 49.34 | 46.26 | 47.31 | 54.36 | 54.61 | | 5.3 | | 0.3 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.17 | 18.36 | 16.13 | 18.50 | 19.70 | 15.00 | 19.69 | 20.02 | 19.91 | 15.17 | | 0.2 | | -4.7 |
| **Јавен долг** | **1,109.94** | **1,324.87** | **1,424.82** | **2,061.11** | **2,162.13** | **2,172.35** | **2,504.98** | **2,582.63** | **3,141.63** | **2,847.07** | **674.7** | **31.1** | **-294.6** | **-9.4** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,113.40 | 1,464.24 | 1,589.81 | 1,608.89 | 1,625.89 | 1,604.69 | 2,147.24 | 2,125.64 | 516.7 | 32.1 | -21.6 | -1.0 |
| Централна банка | 9.15 | 71.74 | 76.42 | 310.82 | 234.24 | 73.20 | 378.01 | 378.61 | 381.50 | 78.19 | 5.0 | 6.8 | -303.3 | -79.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 490.26 | 501.08 | 599.32 | 612.89 | 643.25 | 153.0 | 31.2 | 30.4 | 5.0 |
| **Приватен долг** | **2,194.23** | **2,455.49** | **2,680.90** | **2,785.50** | **3,009.54** | **3,047.39** | **3,123.31** | **3,162.74** | **3,196.52** | **3,107.33** | **59.9** | **2.0** | **-89.2** | **-2.8** |
| Јавен долг% | 33.59 | 35.05 | 34.70 | 42.53 | 41.81 | 41.62 | 44.51 | 44.95 | 49.57 | 47.81 | | 6.2 | | -1.8 |
| Приватен долг% | 66.41 | 64.95 | 65.30 | 57.47 | 58.19 | 58.38 | 55.49 | 55.05 | 50.43 | 52.19 | | -6.2 | | 1.8 |
| Јавен долг/БДП % | 16.39 | 19.58 | 20.04 | 27.32 | 28.51 | 26.78 | 29.36 | 30.27 | 36.82 | 33.36 | | 6.6 | | -3.5 |
| Приватен долг/БДП % | 32.40 | 36.29 | 37.71 | 36.92 | 39.68 | 37.57 | 36.60 | 37.06 | 37.46 | 36.41 | | -1.2 | | -1.0 |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка. Податокот за 2014 година е  процена (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 13.3.2015).

Извор: НБРМ.

Табела 2

## Бруто надворешни побарувања*

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 896.5 | 184.8 | 26.0 | 50.2 | 5.9 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 1,943.7 | 316.1 | 19.4 | -1.8 | -0.1 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 801.6 | 763.9 | 730.9 | 287.3 | -207.2 | -41.9 | -443.6 | -60.7 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 925.5 | 1,008.2 | 1,047.8 | 1,008.3 | 142.3 | 16.4 | -39.5 | -3.8 |
| Останати обврски | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 0.1 | 6.1 | 0.0 | 0.2 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 4.3 | 0.9 | 28.1 | 0.2 | 3.7 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **3,704.50** | **3,986.01** | **3,951.17** | **4,576.14** | **4,141.55** | **437.1** | **11.8** | **-434.6** | **-9.5** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 47.68 | 49.80 | 5.86 | 13.35 | 2.12 | 4.45 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 2,533.16 | 2,220.84 | 418.2 | 23.2 | -312.3 | -12.3 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.65 | 496.81 | 572.83 | 603.05 | 572.70 | 557.82 | 538.49 | 532.68 | 586.22 | 641.40 | 83.6 | 15.0 | 55.2 | 9.4 |
| Останати сектори | 507.00 | 440.22 | 571.84 | 722.31 | 712.79 | 761.29 | 807.09 | 880.52 | 902.38 | 867.56 | 106.3 | 14.0 | -34.8 | -3.9 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.29 | 194.56 | 282.94 | 323.61 | 487.36 | 538.79 | 556.15 | 526.75 | 506.70 | 361.95 | -176.8 | -32.8 | -144.7 | -28.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.49** | **2,561.41** | **2,956.05** | **3,730.69** | **3,872.61** | **3,704.50** | **3,986.01** | **3,951.17** | **4,576.14** | **4,141.55** | **437.1** | **11.8** | **-434.6** | **-9.5** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.33** | **37.85** | **41.58** | **49.45** | **51.06** | **45.67** | **46.71** | **46.30** | **53.63** | **48.5** | | **2.9** | | **-5.1** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***3,497.63*** | ***3,736.55*** | ***3,704.50*** | ***3,681.73*** | ***3,647.05*** | ***4,269.96*** | ***#####*** | **437.1** | **11.8** | **-128.4** | **-3.0** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***0.00*** | ***46.36*** | ***49.26*** | ***45.67*** | ***43.15*** | ***42.74*** | ***50.04*** | ***48.53*** | | **2.9** | | **-1.5** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.21 | 1,087.90 | 1,352.64 | 1,655.28 | 1,898.65 | 2,093.42 | 2,079.26 | 1,833.05 | 2,348.62 | 2,235.85 | 142.4 | 6.8 | -112.8 | -4.8 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.28 | 1,473.51 | 1,603.42 | 2,075.40 | 1,973.96 | 1,611.07 | 1,906.75 | 2,118.13 | 2,227.52 | 1,905.70 | 294.6 | 18.3 | -321.8 | -14.4 |
| Долгорочни побарувања% | 50.12 | 42.47 | 45.76 | 44.37 | 49.03 | 56.51 | 52.16 | 46.39 | 51.32 | 53.99 | | -2.5 | | 2.7 |
| Краткорочни побарувања% | 49.88 | 57.53 | 54.24 | 55.63 | 50.97 | 43.49 | 47.84 | 53.61 | 48.68 | 46.01 | | 2.5 | | -2.7 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.71 | 16.08 | 19.03 | 21.94 | 25.03 | 25.81 | 24.37 | 21.48 | 27.52 | 26.20 | | 0.4 | | -1.3 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.62 | 21.78 | 22.56 | 27.51 | 26.02 | 19.86 | 22.34 | 24.82 | 26.10 | 22.33 | | 2.5 | | -3.8 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.55** | **1,429.81** | **1,528.44** | **2,081.72** | **2,099.76** | **1,846.60** | **2,084.28** | **2,011.23** | **2,580.84** | **2,270.64** | **424.0** | **23.0** | **-310.2** | **-12.0** |
| Држава | 0.00 | 0.00 | 45.60 | 46.80 | 45.94 | 43.94 | 44.02 | 44.46 | 47.68 | 49.80 | 5.9 | 13.3 | 2.1 | 4.4 |
| Централна банка | 1,361.55 | 1,429.81 | 1,482.84 | 2,034.91 | 2,053.82 | 1,802.66 | 2,040.26 | 1,966.76 | 2,533.16 | 2,220.84 | 418.2 | 23.2 | -312.3 | -12.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.94** | **1,131.60** | **1,427.61** | **1,648.97** | **1,772.86** | **1,857.90** | **1,901.73** | **1,939.95** | **1,995.30** | **1,870.91** | **13.0** | **0.7** | **-124.4** | **-6.2** |
| Јавни побарувања% | 56.91 | 55.82 | 51.71 | 55.80 | 54.22 | 49.85 | 52.29 | 50.90 | 56.40 | 54.83 | | 5.0 | | -1.6 |
| Приватни побарувања% | 43.09 | 44.18 | 48.29 | 44.20 | 45.78 | 50.15 | 47.71 | 49.10 | 43.60 | 45.17 | | -5.0 | | 1.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.11 | 21.13 | 21.50 | 27.59 | 27.68 | 22.76 | 24.43 | 23.57 | 30.24 | 26.61 | | 3.8 | | -3.6 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.22 | 16.72 | 20.08 | 21.86 | 23.37 | 22.90 | 22.29 | 22.73 | 23.38 | 21.92 | | -1.0 | | -1.5 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка. Податокот за 2014 година е процена (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 13.3.2015).

Извор: НБРМ.

Табела 3

## Нето надворешен долг*

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | промена во однос на крај на претходна година | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | во мил. евр | во %/п.п. | во мил. евр | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -738.8 | -195.5 | 36.0 | -55.9 | 8.2 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | -1,269.3 | 205.9 | -14.0 | -4.5 | 0.4 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,332.4 | 3,491.6 | 3,595.2 | 3,692.8 | 396.1 | 12.0 | 97.6 | 2.7 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 164.6 | 67.1 | 37.3 | 49.5 | -112.8 | -69.5 | 12.2 | 32.6 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | -0.1 | -1.8 | 0.0 | -0.1 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 73.9 | 4.1 | 5.8 | 1.4 | 2.0 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,515.25** | **1,642.28** | **1,794.19** | **1,762.01** | **1,812.84** | **297.6** | **19.6** | **50.8** | **2.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,560.23 | 2,099.56 | 2,075.83 | 510.9 | 32.6 | -23.7 | -1.1 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | -2,151.66 | -2,142.65 | -413.2 | 23.9 | 9.0 | -0.4 |
| Депозитни институции, освен централна банка | -6.57 | -28.60 | 5.95 | -38.30 | 46.11 | 51.53 | 67.57 | 75.18 | -3.45 | -26.95 | -78.5 | -152.3 | -23.5 | 680.8 |
| Останати сектори | 814.91 | 906.77 | 892.98 | 980.29 | 1,018.07 | 997.63 | 976.21 | 1,014.63 | 1,018.05 | 1,003.09 | 5.5 | 0.5 | -15.0 | -1.5 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 549.40 | 643.00 | 589.36 | 480.59 | 510.58 | 630.60 | 678.89 | 732.31 | 799.52 | 903.52 | 272.9 | 43.3 | 104.0 | 13.0 |
| **Нето надворешен долг** | **911.68** | **1,218.94** | **1,149.66** | **1,115.92** | **1,299.06** | **1,515.25** | **1,642.28** | **1,794.19** | **1,762.01** | **1,812.84** | **297.6** | **19.6** | **50.8** | **2.9** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.46** | **18.01** | **16.17** | **14.79** | **17.13** | **18.68** | **19.25** | **21.03** | **20.65** | **21.2** | | **2.6** | | **0.6** |
| Долгорочен долг | 942.37 | 1,450.21 | 1,606.20 | 1,795.30 | 1,778.89 | 1,909.42 | 1,868.51 | 2,204.32 | 2,290.33 | 2,424.43 | 515.0 | 27.0 | 134.1 | 5.9 |
| Краткорочен долг | -30.70 | -231.27 | -456.54 | -679.37 | -479.83 | -394.17 | -226.23 | -410.13 | -528.31 | -611.59 | -217.4 | 55.2 | -83.3 | 15.8 |
| Долгорочен долг% | 103.37 | 118.97 | 139.71 | 160.88 | 136.94 | 126.01 | 113.78 | 122.86 | 129.98 | 133.74 | | 7.7 | | 3.8 |
| Краткорочен долг% | -3.37 | -18.97 | -39.71 | -60.88 | -36.94 | -26.01 | -13.78 | -22.86 | -29.98 | -33.74 | | -7.7 | | -3.8 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.92 | 21.43 | 22.59 | 23.80 | 23.45 | 23.54 | 21.90 | 25.83 | 26.84 | 28.41 | | 4.9 | | 1.6 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.45 | -3.42 | -6.42 | -9.01 | -6.33 | -4.86 | -2.65 | -4.81 | -6.19 | -7.17 | | -2.3 | | -1.0 |
| **Јавен долг** | **-251.61** | **-104.95** | **-103.62** | **-20.61** | **62.37** | **325.76** | **420.70** | **571.40** | **560.79** | **576.43** | **250.7** | **76.9** | **15.6** | **2.8** |
| Држава | 906.33 | 1,055.84 | 1,067.80 | 1,417.44 | 1,543.87 | 1,564.96 | 1,581.87 | 1,560.23 | 2,099.56 | 2,075.83 | 510.9 | 32.6 | -23.7 | -1.1 |
| Централна банка | -1,352.39 | -1,358.07 | -1,406.42 | -1,724.09 | -1,819.58 | -1,729.46 | -1,662.26 | -1,588.15 | -2,151.66 | -2,142.65 | -413.2 | 23.9 | 9.0 | -0.4 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.45 | 197.28 | 235.00 | 286.05 | 338.08 | 490.26 | 501.08 | 599.32 | 612.89 | 643.25 | 153.0 | 31.2 | 30.4 | 5.0 |
| **Приватен долг** | **1,163.29** | **1,323.89** | **1,253.28** | **1,136.53** | **1,236.68** | **1,189.49** | **1,221.58** | **1,222.79** | **1,201.22** | **1,236.42** | **46.9** | **3.9** | **35.2** | **2.9** |
| Јавен долг% | -27.60 | -8.61 | -9.01 | -1.85 | 4.80 | 21.50 | 25.62 | 31.85 | 31.83 | 31.80 | | 10.3 | | 0.0 |
| Приватен долг% | 127.60 | 108.61 | 109.01 | 101.85 | 95.20 | 78.50 | 74.38 | 68.15 | 68.17 | 68.20 | | -10.3 | | 0.0 |
| Јавен долг/БДП % | -3.72 | -1.55 | -1.46 | -0.27 | 0.82 | 4.02 | 4.93 | 6.70 | 6.57 | 6.76 | | 2.7 | | 0.2 |
| Приватен долг/БДП % | 17.18 | 19.56 | 17.63 | 15.06 | 16.30 | 14.66 | 14.32 | 14.33 | 14.08 | 14.49 | | -0.2 | | 0.4 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка. Податокот за 2014 година е процена (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015).

Извор: НБРМ.

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | Кв.1-2013 | Кв.2-2013 | Кв.3-2013 | Кв.4-2013 | Кв.1-2014 | Кв.2-2014 | Кв.3-2014 | Кв.4-2014 | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,268.7** | **-4,532.6** | **-4,479.1** | **-4,558.4** | **-4,723.5** | **-4,840.0** | **-4,783.9** | **-4,781.6** | **2.4** | **0.0** | **-223.2** | **4.9** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,524.1 | 4,412.4 | 4,418.0 | 4,082.5 | 4,391.4 | 4,371.5 | 5,007.3 | 4,596.8 | -410.5 | -8.2 | 514.4 | 12.6 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,792.8 | 8,945.0 | 8,897.2 | 8,640.8 | 9,114.9 | 9,211.5 | 9,791.3 | 9,378.4 | -412.9 | -4.2 | 737.6 | 8.5 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-52.6** | **-55.9** | **-55.2** | **-56.2** | **-55.4** | **-56.7** | **-56.1** | **-56.0** | | **0.0** | | **0.2** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,641.2 | -1,633.0 | -1,582.4 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | 23.7 | -1.1 | -510.9 | 32.7 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 2,154.4 | 1,975.2 | 1,991.5 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | -1.3 | -0.1 | 438.5 | 22.8 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -568.1 | -628.5 | -561.8 | -580.1 | -596.0 | -602.0 | -524.0 | -499.3 | 24.6 | -4.7 | 80.8 | -13.9 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,213.8 | -4,246.3 | -4,326.4 | -4,337.6 | -4,417.7 | -4,480.9 | -4,524.7 | -4,569.3 | -44.6 | 1.0 | -231.7 | 5.3 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,674.3 | -3,744.6 | -3,822.0 | -3,867.9 | -3,982.9 | -4,016.9 | -4,067.8 | -4,141.9 | -74.1 | 1.8 | -274.0 | 7.1 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -179.4 | -171.0 | -164.3 | -145.5 | -144.8 | -133.2 | -639.3 | -617.2 | 22.1 | -3.4 | -471.8 | 324.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | -3.1 | -3.2 | -3.2 | -3.2 | 0.0 | 0.3 | 0.0 | 0.6 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 339.0 | 336.2 | 391.8 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 60.3 | 14.9 | 94.4 | 25.4 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,801.8 | -2,799.4 | -2,809.7 | -2,791.8 | -2,810.7 | -2,883.7 | -2,902.6 | -2,908.6 | -6.1 | 0.2 | -116.8 | 4.2 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -103.8 | -116.1 | -63.7 | -42.9 | -13.6 | 51.1 | 63.3 | 63.6 | 0.3 | 0.5 | 106.5 | -248.2 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 0.0 | 0.2 | 0.1 | 6.1 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 2,230.4 | 2,039.2 | 2,064.8 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 1.5 | 0.1 | 443.5 | 22.3 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -76.9 | -75.4 | -74.4 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -1.6 | 2.1 | -5.0 | 6.8 |

*Податокот за бруто домашниот производ (БДП) е ревидиран од страна на Државниот завод за статистика на РМ согласно со промените во методологијата на пресметка.
Податокот за 2014 година е процена (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 13.3.2015).

Извор: НБРМ.